Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање по е-пошта од 18.06.2024 година од Маја Јовановска, ул. „Волгоградска" бр, 19-6/20, Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 03-4594
05.07 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Маја Јовановска, ул. „Волгоградска" бр, 19-6/20, Скопје, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Маја Јовановска, ул. „Волгоградска" бр, 19-6/20, Скопје да се запознае со содржината на бараната информација во форма на фотокопија, преку е-маил .

**Образложение**

Барателот на информацијата на ден 18.06.2024 година, по електронски пат до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во Тендерска постапка за оглас со број 22081/2023 за набавка на Cyber Sequrity услуги (ЦЕЛО ДОСИЕ).

Информацијата ја бараат во форма на фотокопија по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Во **прилог** на ова Решение на барателот му се доставува следната документација:

1. Барање за започнување на постапка,
2. Тендерска документација,
3. Одлука за јавна набавка,
4. Оглас за јавна набавка на ЕСЈН,
5. Одговори на поставени прашања од економските оператори,
6. Записник од отворање на понудите,
7. Извештај од евалуација – техничка комисија,

8. Конечен Извештај од евалуација – техничка комисија,
9. Изјави за непостоење судир на интереси,
10. Извештај од спроведена постапка,
11. Одлука за избор на најповолна понуда,
12. Известувања до понудувачите,
13. Жалба од Пиперевски Консалтинг,
14. Одговор на жалба до ДКЖЈН,
15. Дополнување на Жалба од Пиперевски Консалтинг,
16. Одговор по Дополнување на жалба до ДКЖЈН,
17. Решение од ДКЖЈН,
18. Договор за јавна набавка,
19. Известување за склучен договор на ЕСЈН.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение баранелот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Enuz**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива